ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1241/2
22.07.2026 год.

Одбор за итност

Врз основа на член 39 став 6 и 7 и член 40 став 1 точка г) од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на ФФМ во состав: Масар Омерагиќ – Претседавач, Светозар Станковски – член и Дарко Костовски – член, на седницата одржана на 22.07.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се врши измена и дополнување на Дисциплинскиот Правилник на ФФМ на начин што:

1.1 Се врши измена во член 35 ст.2

Членот 35 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, по измената ќе гласи:

*Кој неспортски се однесува кон играч од својата или противничката екипа, службено лице на клубот од својата или противничката екипа, судија, функционер на фудбалска организација и гледачите пред натпреварот, за време на натпреварот, по натпреварот, на игралиште или надвор од него, а во врска со фудбалскиот спорт ќе се казни со:*

- *опомена,*
- ***забрана на настап од 1(еден) до 3 (три)натпревари***
- *забрана на вршење на функција од 1 (еден) до 4 (четири) месеци.*
- *забрана за пристап до соблекувални и или резервна клупа во траење од 1(еден) до 6 (шест) натпревари*

*Под неспортско однесување се подразбираат : пцовки, непристојни гестикулации, приговарање и спротивставување на одлуките на судијата, наредбите од раководствата на фудбалските организации и функционерите кои обавуваат одредена должност, како и провоцирање на играчи од својата и противничка екипа, функционери и гледачи со зборови, движења и гестови како и сите други работи кои можат да му наштетат на угледот на фудбалскиот спорт.*

1.2 Се менува член 49 став 1

Новиот член 49 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по измената ќе гласи:

*За присуство на неслужбено лице во службените простории, клубот организатор на натпреварот, се казнува со парична казна од:*

| | |
|---|---|
| *Прва лига* | *1000* |
| *Втора лига* | *500* |
| *Трета лига* | *50* |

*Клубот е должен јасно и еднолично да ги обележи фоторепортерите, новинарите и редарите, кои треба да поседуваат специјални пропусници од ФФМ.*

*Клубот може да одреди најмногу 8 пионери за фаќање на топки кои мора да носат идентична спортска опрема. Клубот мора да обезбеди прегледни, безбедни и погодни за комуникација места за новинарите.*

*Младите категории соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 50 до 150.*

*1.3.*Се менува член 51

*Новиот член 51 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по измената ќе гласи:*

*Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на преземените мерки за обезбедување.*

*Клубот организатор на натпревар без разлика дали е сопственик или корисник на теренот, доколку настанат нереди во периодот пред, за време или по натпреварот се казнува со:*

- *забрана на одигрување од 2 (два) до 12 (дванаесет) натпревари на свој терен*
- *одигрување од 2 (два) до 12 (дванаесет) натпревари без присуство на гледачи*
- *парична казна и тоа:*

| | |
|---|---|
| *Прва лига* | *5000* |
| *Втора лига* | *2500* |
| *Трета лига* | *1000* |

*Клуб чии гледачи (навивачи), со свирежи, довикувања или на друг начин ја попречуваат, нарушуваат или омаловажуваат изведбата на државната химна за време на финален натпревар од Купот на Република Македонија, ќе се казни со парична казна во висина од 50.000 евра (педесет илјади евра) во денарска противвредност.*

*Клуб чии играчи, службени лица или официјални лица нема да учествуваат на свечената церемонија по завршување на финалниот натпревар од Купот на Република Македонија, односно ќе одбијат да ги примат медалите, се казнува со парична казна во висина од 50.000 евра (педесет илјади евра) во денарска противвредност, забрана за учество во натпреварувањето за Купот на Република Македонија во траење од 2 (две) години, одземање од 3 (три) до 12 (дванаесет) бодови во наредната натпреварувачка сезона и забрана за присуство на гледачи на 3 (три) до 6 (шест) натпревари.*

*Младите категории соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 200 до 500.*

*Клубот гостин за однесувањето на своите навивачи се казнува согласно став 2 алинеа 2 односно 3 од овој член.*

*Физички напад врз учесниците во играта (играчи, резервни играчи, стручни, технички и службени лица, судии и делегат) од страна на гледач, функционер на клубот, службено лице на клубот е казниво согласно став 2 од овој член и претставува отежнителна околност на став 1 од овој член.*

*За секое поединечно внесување, палење и/или фрлање на терен, трибина и простор меѓу гледалиштето и просторот на кој се врши спортското натпреварување, пиротехнички средства, тврди предмети, фудбалски топки, употреба на ласери и слично, клубот се казнува со 150, освен доколку со пропозициите за соодветното натпреварување не е поинаку определено.*

1.3 Се врши измена на член 59 став 1 алинеа 1 и алинеа 2

Членот 59 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по измената ќе гласи:

*На клубовите од Прва и Втора МФЛ како и на клубовите кои со сениорските екипи се натпреваруваат во понизок ранг на натпреварување а со младите екипи учествуваат во Првата(супер) и Втората лига во млади категории на ФФМ, за*

*неоправдано не настапување со предвидените млади категории ќе им се изрече дисциплинска мерка:*

- *парична казна во висина од 500 до 2500 , за не настапување на еден натпревар во зависност од степенот и категоријата во која се натпреваруваат младите екипи на клубот;*

- *одземање до 12 бода или одземање до 12 негативни бода од бодовното салдо на сениорската екипа за не настапување на втор натпревар во зависност од степенот и категоријата во која се натпреваруваат младите екипи на клубот.*

*Наведените дисциплински мерки ќе се применуваат и на клубови од Втора МФЛ или понизок ранг чии екипи во млади категории се натпреваруваат во понизок степен на натпреварување а за истото има пропишано обврска.*

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш, а ќе се потврди на наредната седница на Управниот одбор.

3. Измените и дополнувањата на Дисциплинскиот правилник на ФФМ се применуваат од денот на донесување на оваа одлука.

4. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ – Макфудбал.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Одборот за итност на ФФМ, на седницата одржана на 22.07.2026 година, го разгледа предлогот за измени и дополнувања на Дисциплинскиот правилник бр. 0302-1227/1 од 20.07.2026 година, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Масар Омерагиќ

Деловоден број 0202-1241/2